РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 22. 09. 2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3608/1 | | |

0706
7МА5nO
22.09.11

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **музичко образование** за IV одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.



АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## IV ОДДЕЛЕНИЕ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**



Скопје, 2011

## 1. ВОВЕД

Музиката е исклучително важен дел на човековата култура и живот и таа треба да има свое значајно место во воспитанието и образованието. Целта на наставата по музичко образование е учениците да ја засакаат музиката, кај нив да се вроди желба за активно занимавање со неа: да пеат, свират и слушаат музика, да ги развијат своите музички способности.

Музичкото образование, како задолжителен предмет за учениците од I до IX одделение треба да го оспособи ученикот да стане активен корисник и чинител на музичката култура, како во училиштето, така и во секојдневниот живот.

Предметот музичко образование во наставниот план е застапен со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

Заедно со ликовното образование и другите соджини присутни во одредени предмети, музичкото образование треба да влијае врз облагородувањето на учениците, развојот на нивните естетски чувства, способноста за разбирање и доживување на музичката уметност, за да им се овозможи постепено да се вклучуваат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина.

Изучувањето на музиката од најраните години во развојот на детето идеално е за комплексното делување врз детската личност, за силно поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста. Музичкото образование треба да даде значаен придонес во развојот на ученикот, во стекнувањето на култура на однесувањето, како и во поттикнување на музичкото изразување.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги спознава основните музичко-изведувачки активности (пеење, свирење на детски музички инструменти, музичко-ритмички активности), како и слушањето музика;
- да ужива во убавината на музиката;
- да ги развива музичките способности;
- вербално да се изразува за слушаната музика;
- да се поттикнува да пее, свири, игра, слуша музика и да ги осознава своите претпочитувања во музичката дејност;
- да се ослободи од стрес, емоционална напнатост преку слушање музика и омилените видови на музичката дејност;
- да ги открива своите музички претпочитувања и претпочитувања на другите;
- да ги почитува своите претпочитувања и претпочитувањата на другите;
- да се запознае со послужени музички дела од различни стилови и жанрови, како и со примери од народното музичко творештво;
- да го усвојува нотното писмо;
- да го применува читањето на нотниот текст во музичко-изведувачките активности (пеење, свирење на ДМИ, музичко изразување и творење);
- да ги усвојува музичко-теориските поими;
- да ги препознава на слух музичките карактеристики и да ги именува со музичко-теориските поими;
- да стекне позитивен став за народното творештво и за народното музичко творештво;
- да ги знае основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
- одговорно да ги извршува задачите;
- да покажува смисла и желба за тимско работење;
- да покажува толеранција;
- да покажува подготвеност да му помогне на другиот;
- да ја користи информативната компјутерска технологија во музичкото изразување.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да применува правилна вокална интерпретација;
- да го развива опсегот на гласот;
- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;
- да развива навики за активно слушање музика;
- да препознава и именува основни видови на темпо;
- да препознава и именува основни видови на динамика;
- да ги усвојува елементите на нотното писмо;
- да се оспособува за пеење и свирење;
- да се воведува во музичката граматика;
- да се поттикнува на позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;
- да се воведува во спознавањето на основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
- да се поттикнува на сопствено музичко изразување.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ПЕЕЊЕ (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да применува правилен пејачки став;<br>➢ да развива дикција;<br>➢ да доживее и да употреби двојна поделба на ударот во изговарање на бројалките;<br>➢ да го развива опсегот на гласот;<br>➢ да пее правилно песни различни по содржина и карактер;<br>➢ да ги применува основните видови темпа (брзо-бавно) во пеењето;<br>➢ да се поттикнува за употреба на основните видови динамика (силно- тивко) во пеењето;<br>➢ да го развива умеењето за пеење по ноти со тактирање;<br>➢ да се подготви за канонско пеење. | Правилен став при пеење<br><br>Пеење по слух: детски, уметнички, народни песни и песни поврзани со државни и верски празници различни по содржина и карактер (опсег ц1-ц2)<br><br>Пеење по ноти: елементарни мелодиски вежби и песни (со употреба на тоновите до1- ла1 во траење на половини и четвртини ноти)<br><br>Пеење мелодии на канони едногласно (подготовка за пеење на двогласни канони) | Пеење по слух<br>Пеење по ноти<br>Тактирање<br>Парлато (ритмичко читање со именување на тоновите) | o Вежби за правилно пеење, држење на телото и правилно дишење.<br>o Изведба на бројалки со точен ритам и јасна дикција со примена на двојна поделба на удар (подготовка за изучување на осмина нота во V одд.) (пр.: познатата бројалка „Та-ра, та-ра, та-ра-на" да се изговара во побрзо темпо плескање на рацете на секои два слога).<br>o Пеење песни напишани на Брајова азбука, различни по содржина и карактер според постапката на учење песна по слух (пр,: учење на песни за годишните времиња, детски песни, народни песни и др. со опсег ц1-ц2).<br>o Пеење по слух на кратки мелодиски мотиви со употреба на тоновите од до1- ла1.<br>o Пеење на елементарни вежби и песни по ноти со тактирање според постапката на учење песна по ноти (читање и дискусија за литературниот текст; појаснување на нотниот текст - нотни вредности, траења, др. знаци; читање парлато на нотниот текст со тактирање).<br>o Ноти, нотни вредности, траења напишани и научени на Брајова азбука.<br>o Пеење песни по желба, во корелација со останатите наставни предмети или, пак, во контекст со периодот во кој се реализираат.<br>o Разговор со учениците за тоа кои им се омилени пејачи, омилени песни и зошто. |

| 2. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ (ориентационо 25 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да ги препознава и применува знаците на нотното писмо: петолиние, виолински клуч, нота;<br>➢ да ги препознава и применува тоновите ла1, ре1, до1 и фа1 на петолиние; | Елементи на нотното писмо: нота, петолиние, виолински клуч (повторување); положбата на тоновите сол1 и ми1 на петолиние (повторување); поставување на тоновите: ла1, ре1, до1и фа1 на петолиние | Положбата на тоновите сол1 и ми1 на петолиние (ноти)-повторување<br><br>Положбата на тоновите на петолиние (ноти):<br>- ла1<br>- ре1<br>- до1<br>- фа1 | o Примена на елементите на нотното писмо: нота, петтолиние, виолински клуч преку ритмички вежби (изговарање парлато, свирење на ДМИ-ритмички) и вежби за запишување на Брајова азбука;<br>o вежби за визуелно/тактилно препознавање на тоновите;<br>o пеење и свирење по ноти на мелодиски вежби;<br>o воочување на тоновите (запишани на Брајово писмо): ла1, ре1, до1 и фа1 на петолиние;<br>o вежби за запишување на тоновите (запишани на Брајово писмо) ла1, ре1, до1и фа1 на петолиние;<br>o вежби за визуелно препознавање на тоновите запишани на Брајово писмо ла1, ре1, до1 и фа1 на петолиние; |
| ➢ да го применува изразот темпо за соодветната музичка карактеристика;<br>➢ да го применува изразот динамика за соодветната музичка карактеристика; | Темпо (како стручен израз)<br>Динамика (како стручен израз)<br>Четвртина и половина нота<br>Четвртина и половина пауза | Темпо и динамика (поимите се воведуваат како стручни изрази наместо брзина и како подготовка за разработка на поимот во V одд.) | o пеење и свирење по ноти на мелодиски вежби со тоновите (запишани на Брајово писмо) ла1, ре1, до1и фа1;<br>o препознавање и воочување на основните видови темпо/динамика (брзо - бавно) преку пеење, слушање музика, свирење на ДМИ (пр.: Изучената песна или бројалка се пее (изговара) во брзо и бавно темпо/динамика, се одреува видот на темпо/динамика и се дискутира кое темпо/динамика е соодветно на дадената песна (бројалка); |
| ➢ да препознава и применува четвртина и половина нота;<br>➢ да препознава и применува четвртина и половина пауза; | | Траење<br>- четвртина нота<br>- половина нота<br>- четвртина пауза<br>- половина пауза | o вежби за запишување на Брајова машина четвртина и половина нота и пауза;<br>o вежби за визуелно/тактилно препознавање четвртина и половина нота и пауза;<br>o парлато изговарање и свирење на ритмички вежби со четвртина и половина нота и пауза;<br>o пеење и свирење на мелодиски вежби со четвртина и половина нота и пауза; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да го препознава и применува знакот за продолжување на нотна вредност корона;<br><br>➢ да препознава и применува знаци за повторување и прима и секунда волта. | Знак за продолжување на нотна вредност - корона<br><br>Знаци за повторување на прима и секунда волта | Корона<br><br>Волта | ○ вежби за визуелно и/или тактилно препознавање на знакот за продолжување-корона;<br>○ вежби за запишување на Брајова машина на знакот за продолжување-корона;<br>○ парлато изговарање и свирење на ритмички вежби со знакот за продолжување-корона;<br>○ пеење и свирење на мелодиски вежби со знакот за продолжување-корона;<br>○ вежби за визуелно/тактилно препознавање на знаците за повторување и прима и секунда волта;<br>○ вежби за запишување на Брајова машина знаци за повторување и прима и секунда волта;<br>○ парлато изговарање и свирење на ритмички вежби со знаците за повторување и прима и секунда волта;<br>○ пеење и свирење на мелодиски вежби со знаците за повторување и прима и секунда волта. |

| 3. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (ориентационо 15 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се поттикнува за слушање на музичко дело (или заокружен фрагмент) внимателно, концентрирано, од почеток до крај;<br>➢ да развива способност за препознавање на начин на изведба;<br>➢ да дискутира за впечатоците од музиката;<br>➢ да го препознава визуелно и да го именува инструментот труба;<br>➢ да ја доживее звучноста на оркестарот;<br>➢ да го препознава визуелно и да го именува инструменталниот состав оркестар;<br>➢ да го препознава слухово и да го именува инструменталниот состав оркестар. | Слушање на вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела од различни стилови и жанрови, различни по карактер и содржина<br><br>Труба<br><br>Оркестар | Инструментална музика<br><br>Вокална музика<br><br>Вокално-инструментална музика<br><br>Темпо<br>Динамика<br>Карактер<br><br>Инструмент труба<br><br>Инструментален состав<br><br>Оркестар | o Слушање на „Триумфален марш‘‘ од операта „Аида'' на Џ. Верди и „Кинески танц„ од балетот „Оревокршачка'' на П. Чајковски: (фрагмент).<br>o Кратка информација за композиторот и делото.<br>o Повеќекратно слушање со различни задачи (истата композиција може да се користи и за доживување и препознавање на инструментот).<br>o Слушање на „Растурена игра" од Г. Коларовски за детски хор (според горенаведената постапка).<br>o Слушање на вокални и вокално-инструментални музички дела по избор на наставникот (според горенаведената постапка).<br>o Доживување на звучност на дувачкиот инструмент труба преку слушање на „Наполитански танц“ од балетот „Лебедово езеро" на П. Чајковски.<br>o Откривање на името на инструментот, визуелно, тактилно и аудутивно запознавање на инструментот.<br>o Усвојување на поимот оркестар-инструментален состав од изведувачи на различни инструменти, посета на концерт на филхармонија.<br>o Разговор со учениците за тоа кој тип музика најмногу им се допаѓа-им се дава да преслушаат повеќе мелодии на различни видови музика, а потоа да одберат една која им оставила најсилен впечаток и да објаснат зошто. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | o Игри на препознавање на карактерот на музиката преку драматизирање (тага, радост, брзо, споро).<br>o Слушање и препознавање на песни и ора од различни етнички заедници и разговор за истите.<br>o Посета и учество на фолклорни изведби. |

## 4. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (ориентационо 10 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ правилно да свири на ДМИ (ритмички);<br>➢ да се воведе во техниката на свирење на блок флејта;<br>➢ правилно да го употребува прсторедот за тоновите до1 - ла1;<br>➢ да се оспособува за свирење на ДМИ по ноти индивидуално и во група (инструментален состав). | Свирење по ноти: ритмички вежби со четвртини и половини ноти и паузи (ритмички инструменти)<br>Мелодиски вежби за блок флејти (опсег од до1- ла1)<br>Едногласни мелодии (погодни за свирење-напамет на двогласни канони во V- одд.)<br>Вежби со знак за продолжување на нотната вредност-корона<br>Вежби со знаци за повторување и прима и секунда волта | Блок флејта<br>Прсторед<br>Инструментален состав<br>Ритмички вежби<br>Мелодиски вежби<br>Нотен текст | o Свирење со ритмички инструменти на вежби со четвртини и половини ноти и паузи (пр.: учениците ги препознаваат нотните вредности и паузите, го утврдуваат нивното траење, ја изговараат вежбата парлато на слог „та”, ја свират со броење на глас, ја свират со броење на наставникот, ја свират со броење во себе).<br>o Визуелно и слухово запознавање на блок флејта.<br>o Усвојување на техниката на свирење на блок флејта (правилно седење-стоење, дишење, држење на инструментот, прсторед).<br>o Свирење на едноставни вежби со примена на правилна техниката на свирење (опсег до1- ла1).<br>o Свирење на едноставни вежби со знак за продолжување на нотната вредност-корона;<br>o свирење на едноставни вежби со знаци за повторување и прима и секунда волта.<br>o Свирење на едноставни партитури со ритмички и мелодиски инструменти (пр.: мелодија кај блок флејти и придружба со ритмичките инструменти).<br>o Наставникот прикажува повеќе едноставни инструменти и опишува како функционираат, а учениците тактилно и аудитивно се запознаваат со инструментот (наставникот по вербален пат нуди подетални описи). Учениците кои знаат да свират може да ги претстават своите иструменти и да отсвират некоја композиција. |

| 5. МУЗИЧКА ГРАМАТИКА (ориентационо 5 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да го доживее мотивот преку поврзаноста на музиката со литературниот текст;<br>➢ да го усвои поимот мотив преку споредба на литературниот текст со нотниот текст;<br>➢ да го препознава мотивот во песни и вежби;<br>➢ да ги воочи и претстави мотивите со различни симболи. | Мотив | Мотив | o Изразно читање на литературниот текст на песната „Зима” (напишана на Брајова азбука) со јасна дикција и динамичко нијансирање. Текст на песната:„Зима, зима, снегот снежи, студот стега, секој бега”.<br>I активност: Секој ученик да изброи од колку збора е составена песничката (8 збора).<br>II активност: Наставникот го пее литературниот текст, а учениците треба да воочат мелодиско движење на зборовите во песната.<br>III активност: Усвојување на мелодијата на песната со литературен текст (по слух).<br>IV активност: Наставникот пее мотиви со именување на тоновите, а учениците повторуваат со зборови (воочување и поврзување на мотиви од тонови со мотиви од зборови.<br>o Со истата постапка може да се воочи мотивот во други песни, вежби преку свирење на ДМИ и др.<br>o Поттикнување на детската фантазија и мотивирање за самостојно создавање на кратки музички секвенци.<br>o Организирање натпревар во одделението: Чија кореографија е најдобра? |

| 6. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО (ориентационо 7 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да го усвои поимот народно творештво;<br><br>➢ да ги именува елементите од народното творештво;<br><br>➢ да го усвои поимот народно музичко творештво;<br><br>➢ да ги именува елементите на народното музичко творештво;<br><br>➢ да се поттикнува за позитивен став кон народното творештво и кон народното музичко творештво. | Народно творештво (општи карактеристики, т.е. разговор, гатанки, приказни, народна музика (песни, ора...)<br>Обичаи (Коледе, Велигден, Ѓурѓовден, Водици...) носии, кујна<br><br>Народно музичко творештво, народни песни, народни ора и народни инструменти | Народно творештво<br><br>Народно музичко творештво | o Проектна активност: „Народно творештво” (собирање слики и текстови, предмети и разни други материјали од различни извори: библиотеки, Интернет и сл., како и со помош на наставникот, родителот).<br>Поделба на учениците по групи и поделба на задачи:<br>**I** група има задача да собира умотворби: гатанки, брзозборки, пословици, народни преданија и др.;<br>**II** група има задача да собира грнчарии: бардаче, стомна, вазни, тави, носии, везови и др.;<br>**III** група има задача да собира текстови од изворни народни песни од различни краишта на Македонија;<br>**IV** група има задача да собира текстови да добива сознанија по вербален пат од родителите, бабите и дедовците за обичаите од разни краеви на Македонија (Велигден, Коледе, свадба, Ѓурѓовден итн.), како и обичаи од останатите етнички заедници;<br>**V** група има задача да собира слики на народни инструменти.<br>Заедничка презентација на сите активности со слушање соодветни народни песни и ора. |

# 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот музичко образование во IV одделение на деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставни програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

Учениците со оштетен вид пројавуваат посебен интерес кон предметот музичко образование и, генерално, кон пеењето и свирењето. Во тој контекст наставникот треба оваа љубов на учениците кон музиката уште повеќе да ја поттикнува и развива.

Учениците од четврто одделение потребно е постепено да се запознаваат со музичките инструменти, на почетокот со поедноставните, а потоа и со посложените. Тотално слепиот ученик музичките знаци и симболи ги усвојува преку Брајовото писмо. Наставникот во соработка со родителите треба да планира посети на различни музички случувања, да ги поттикнува учениците да учествуваат на ревијални претстави во училиштето и надвор од него, како и на случувања кои имаат натпреварувачки карактер.

Годишен фонд на часови

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | **Пеење** | 10 |
| 2. | Музичка писменост | 25 |
| 3. | Слушање музика | 15 |
| 4. | Свирење на детски музички инструменти | 10 |
| 5. | Основи на музичките форми | 5 |
| 6. | Народно музичко творештво | 7 |
| Вкупно: | | 72 |

Наставни средства:

- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, компјутер);
- детски музички инструменти;
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
- Интернет, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секој ученик/ученичка.

На крајот на годината учениците со оценуваат со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II, III, IV одделение и за наставните средства за IV одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по музичко образование во четврто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието-Скопје

**Одобрил**: м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието-Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по музичко образование за четврто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4492/30
19.09 2011 год.
СКОПЈЕ

на ден ------------------------------------------

Скопје

Министер,

м-р Панче Кралев